**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петтото продолжение на Сто и деветата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 2 јули 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-динот Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по 109-та седница на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 8 - Предлог за изменување и дополнување на царинскиот закон.

Поминуваме на претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот за менување на член 6 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен. Не можеме да го ставиме на гласање, бидејќи нема доволен број пратеници. Ќе го ставиме подоцна.

Претресот по амандманот за бришење на член 30 поднесен од пратеникот Никола Поповски е заклучен. Но неможеме да го ставиме на гласање, бидејќи нема доволен број присутни пратнеици. Затоа неможеме да продолжиме со претресот по текстот на Предлогот на законот.

Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за стопански комори

Продолжуваме со претрес на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Меѓутоа, треба да го почекаме претставникот од Владата.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 9, став 1, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков. Го молам претставникот на Владата да се призенесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 1 поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на закон поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Аманмдманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Бузлевски бара збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Многу е едноставно да се каже не се прифаќа без да се објасни зошто не се прифаќа. Овој амандман е во знакот на содржината на член 1 од овој Закон. Во член 1 од Законот стои тоа што ние го предлагаме. По соодветен наслов на Законот е ако наместо зборот: "стопански" се стави "стопанските" Тоа е амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збрр го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот ќе го ставиме на гласање подоцна.

Отворам претрес по амандманот за менување нз член 2 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Аманмдманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Г-дине претседателе, почитувани колеги,

Јас ќе ги наведам причините поради кои ќе го поддржам овој амандман, односно зошто ќе гласам за овој амандман, а воедно и за другите предлози на амандмани од мене и од моите колеги.

Со овој амандман се предлага јавен односно комплементарен модел на коморската организираност на стопанството. Овој принцип на коморска организираност е прифатен во скоро сите развиени европски држави и сите бивши ЈУ републики. Со овој модел се овозможува застапување и претставување на стопанските субјекти во соработка со субјектите од другите земји.

За тоа ќе наведам само еден пример, што е доста актуелен во РМ . РМ е голем производител на грозје и преработка на вино. Вкупниот девизен прилив од овој производ е околу 40 милиони евра и многу домаќински опстојуваат од производството на грозје, односно на вино.

Кога РМ се осамостои како самостојна и независна држава. производителите на вино, големите винарски визби се соочија со проблемот на пласман на виното, поради губење на југословенскиот пазар.

Мегутоа, со контактите што се воспоставија во Комората, сите производители на вино, големите винарски визби во РМ , остварија многу контакти во согласност со Комората со разни купувачи од други држави , па се создадоа услови за учество на пари со донации и на сите трошоци за тоа учество на овие винарски визби и така овие произ-водители најдоа нови купувачи , се пронајдоа нови пазари, нови соработки , и нови инвестиции.

Сето тоа се оствари преку институцијата Стопанска комора што сега се укинува.

Имајќи го ова предвид членот е од Предлогот на законот за стопански комори дека два субјекта или физички лица можат да основаат комора сметам дека само два субјекта и две физички лица, не би можеле да ја постигнат основната елементарна цел за коморско оргнаизирање, а да не кажеме нови проекти, пазари, односно дејностите на Комората да се остваруваат. Не сум против нов закон за коморско организирање, меѓутоа сметам дека со овие предложени амандмани ќе го дополнат текстот на законот и коморското организирање ќе ја постигне својата правна цел.

На крајот се поставува прашањето колку многу преферираме од владеачката партија, дали е интересна РМ , РМ да биде примена во ЕУ.

Ако е тоа национален интерес, тогаш сите пратеници ќе го поддржат овој амандман. Ако не е тоа национален интерес на РМ, ќе гласаат против. Значи, ќе гласаат против РМ да биде примена во ЕУ, бидејќи ова законодавство е во ЕУ, е не од друго законодавство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас сакам да се произнесма дека ќе го поддржам овој амандман поднесен од колегите од пратеничката група на СДСМ, од следните причини: Токму овој амандман го поправа, или го оптимализира текстот на предложениот закон во контекс на она што вчера јас го анализирав дека така треба да биде.

Впрочем, вака како што е срочен вториот амандман од групата пратеници од СДСМ, стои целокупната верзија на Предлог законот за организирање на стопански комори, затоа што токму самото ова и ваквиот амандман, кој што ќе се имплементира во законот и би станал негов составен дел , токму само на овој начин би се извршиле интересни здружувања на сите стопански субјекти во Комората, а не како што вчера разговаравме територијално здружување и здружување на субјекти кои абер немаат едни со други како сродни дејности.

Впрочем, како што и претходните колеги кажаа, со овој амандман се предлага воспоставување на т.н. јавно правен , односно континентален модел на коморска организираност во стопанството, кој што има корени со векови кај многу земји кои се во моментот и членки на ЕУ.

За разлика од тоа, концепцијата понудена во членот 2 од Предлог законот претставува укинување на постоечкиот систем на организирање на Стопанската комора и обид во РМ да се имплементира во непознат, неажурен, нејасен, конфузен и тоѓ модел на коморско организирање, или модел без вистинско коморско организирање, што по мое длабоко убедување би предизвикал општ хаос во организирање на стопанството во една ваква асоцијација. Во прилог на прифатливоста на моделот што го предлагаме со овие амандмани е и фактот што скоро сите земји во Европа со кои РМ има значајни

надворешно трговски односи, се во примена токму на овој модел.

Да набројам само неколку од нив. Истиот комплементарен модел на стопанско организирање се применува во Австрија, во Германија, Италија Франција, Шпанија, Луксембург, Холандија, Грција, Словенија, Хрватска, Србија и Црна Гора. Ако се земат податоците од Заводот за статистика токму се гледа дека со овие наброени земји надворешно трговската размена е преку 90% од вкупната размена на РМ со целиот свет. И незнам што пречи тој модел на коморско организирање вакво коморско организи-рање да направиме во РМ и тие асоцијации на мегународен план да се поддржуваат едни со други.

Исто така, познато е дека овој модел овозможува застапување и претставување на интересите на стопанските субјекти во соработка со субјекти во наведените земји, да биде многу полесно затоа што истата се остварува преку строги асоцијации кои во вертикала се организираат во самото коморско организирање. Тоа се потврдило и во самата успешна соработка на постоечкиот систем на организирање, односно Стопанската комора на РМ со стопанските комори на земјите членки во ЕУ, како и во земјите во Централна, Југоисточна и Источна Европа.

На крајот, оправданоста на еден ваков предлог ја потврдува и фактот што и самиот предлагач на законот, вчера говоревме околу тоа, во почетната иницијатива за донесување на ваков закон пред една година па се до 4јуни 2002 година, го предлагаше и го образложуваше како најсоодветен модел во организирање на Македонското стопанство во некоја асоцијација наречена стопанска комора. Затоа, а вчера кажавме, не знаеме на кој министер да му веруваме. Дали на оној министер пред 5-6 месеци или на денешниот кој апсолутно го иземнува самиот член со што се менува суштината на организирање на стопанските субјекти во комората. Воопшто не е јасно зошто ненадејно или во последен момент пред доставување на предлогот на законот во Собранието, Владата го има променето својот став и гфедложува модел на организирање на стопанството за кој апсолутно воопшто не е потребно донесување , односно не се уредува со посебен закон таков модел и тоа му е јасно изгледа само на предлагачот. Ова го кажуваме затоа што типот на комори што сега се предлагаат, т.е. т.н. приватно-правен модел на организација кој се разликува од суштинскиот модел , во ваквиот модел членките делуваат во вид на акционерски друштва , односно друштва со ограничена одговорност, или како здружение на граѓанското право. Така на пример тој тип на комори што е перманентен во стопанството во Велика Британија Данска и Ирска , не се оргнаизирани според законот за стопански трговски коомори, туку делуваат како трговски друштва, согласно законите за компаниите, што е сосема поинаку во однос на континенталниот модел. Од тоа може да се извлече логичен заклучок, ако веќе планираме модел на коморско организирање, како што се предлага кој е иманентен на стопаството на Велика Британија, Данска и Ирска, тогаш воопшто не треба да се носи закон за коморско организирање, туку такви здруженија , можат да се организираат согласно граѓанското право, а не да се носат посебни или лексспецијалес закони за организирање на стопански субјекти во стопански комори. Мала измена во овој амандман, што исто така мора да се поддржи, во однос на првобитниот предлог на Владата е тоа што комори се предлага формирање на три, а не начетири, како што беше првобитниот предлог на предлагачот, т.е. на Владата, со оглед на тоа што туризмот т.е. групацијата за туристичка дејност се подведуваат под првата групација на организирање, значи комори од стопанството. Мислам дека тука целосно ќе го реализираат заедничкиот интерес и проблемите со другиот дел на останатото стопанство.

Впрочем, втората алинеја од овој амандман што се предлага и инкорпорира во текстот на законот се предвидува и се дава можност со закон да се осковаат стопански комори со другите дејности. Што значи, она што вчера се нудеше овде , како најголем степен на либерализација во сегментот на коморско организирање , токму тоа се пот-врдува со втората алинеја од овој член , односно од ставот што го предлагаме ние.

Од тука, не вредат вчерашните објаснувања дека имаме право по законот само двајца стопански субјекти во рамките на тој закон да основаат комора, ама нема тоа да се случи и впрочем, колку што вчера слушнав и пред тој амандман дека немало да биде 20 стопански субјекти, туку таа бројка ќе биде преку 50. Затоа токму таа аномалија ја исправува овој членошто го предлагаме ние, каде што со амандманот се пред-видува можност со закон да се основаат стопански комори за други дејности, значи вон овие што овде овој член ги предвидува,

т.е. трговско индустриската, земјоделско шумарската и занаетчиската. Што значи ако дел од стопанските субјекти самите нема да нема да се најдат во овие три групации, значи во трговско-индустриската и земјоделско шумарската и занаетчиската, може согласно законот да се основаат и други комори. Значи степенот на либерализација е прилично висок и никому не пречи. Единствено што сепак, и со тој член , ставот 2 се алудира на тоа , сето тоа здружување во вакви заедници да биде некое интересно здружување на сродни дејности, а не да ни се случи ова што вчера го говоревме, сето тоа да добие политички призвук, дезинтеграција на РМ со некои стопански механизми и да дојде 2x2x2 на некој територијален или не дај боже етнички принцип на организирање дури и во сферата на стопанството.

Од тие причини, мислам дека колегите пратнеици-ќе го поддржат овој амандман што во суштина практично го подобрува текстот на предложениот закон.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада,

Овој амандман е поднесен заради ставот што го изнесовме пред Парламентот, а во врска со концептот на законот што ние се залагаме.

Имено, станува збор за доследно почитување на еден став што, по наше мислење е сосема исправен и отаму применлив во РМ, став што е во духот на европското законодавство и европскито приод на рогнизирање на коморскиот живот во Европа и пошироко. Овој амандман има врска директно со членовите 9 и 10 од Законот. До толку сметаме дека сме во право што и самата Влада и не е никаква тајна дека амандманот е извлечен од Предлогот за донесување на закон, што самата Влада го поднесе пред овој Парламент, некаде на крајот на 2001 година и кој што тогашен и таков предлог едногласно беше прифатен на нашата седницата на тогашниот Парламент.

Таму, во тој закон и тогаш беше понудено организирањето на Стопанските комори да биде по принцип на дејности. Ние ништо пвоеќе, дури помалку како предлагачи настапуваме со овој амандман да се почитува тоа што тогаш беше од Парламентот усвоено. Уште повеќе што цениме дека за унапредување на стручните ид еловни обичаи, за унапредување на нормите, за застапвуањ еи заштита на интересите на стопанските субјекти на територија на РМ , организирањето на коморскито живот треба да биде преку нормата дејност.

Гледам дека има стручњаци во овој Парламент кои поднесоа амандман за физичко групирање на правните субјекти не зависно од тоа на која дејност тие припаѓаат. Тоа е амандман за 50 субјекти, што со голема стручност е срочен од предлагачот, а предлагачот е и стручен за оваа материја. Но, тоа е многу различно од ова што ние го предлагаме.

Ние предлагаме она што долго во расправата низ владините комисии и на самата седница на Влада во еден претходен периуод беше прифатено, а тоа е да се воспостави законска легислатива со која што комориte ќе се организираат за унапредување на стручните и деловни обичаи, застапување и унапредување на условите за работа на правните субјекти од дејноста, со можност тие да се приклучат и кон други комори. Токму за тоа во оваа држава коморскито живот треба да се изорганизира по типот на неколку комори. Пред се, станува збор за трговско-индустриска комора што ќе ги опфати правните субјекти од сферата на трговиајта и индустријата, станува збор за организирање на правни лица од областа на земјоделството и шумарството, правни лица од занаетчиската сфера во една занаетчиска комора. Дури може да се додадат, ако се согласиме да го изреализираме по тој приод и правни лица од туристичко-угостителската дејност, со давање можност на нивно заедничко асоцирање во едно тело на ниво на држава што ќе ги брани поединечните интереси на коморите од дејностите, но и заедничките, на сите субјекти.

Заради тоа, ние се обраќаме со еден вакво амандман за да придонесеме на еден своевиден начин да се подобри текстот на законот, бидејки таков каков што е даден законот, тој, во овој дел за кој што и говориме сега, станува збор за еден хаотичен приод во регулирање на оваа материја, дури и дотолку повеќе што има една конфузија во законот, што конфузија највеојатно е правен од недостаток на концепт што треба да се разработува и неконзистентноста на концептот што се предлага, бидјеки елементарно, во содржината на законот, до таму има слабости што не се дадени оснвоните принципи и правила, како и критериуми што треба да ги исполнат односните стопански субјекти за да се групираат во комори, дали два субјекти или повеќе , по нивна определба.

Дури, ако се прифати тој концепт, тоа значи ако се одбие овој амандман, законот е фаличен во делот нанедостиг на основни принципи за коморското организирање на правните лица во РМ.

Затоа, почитувани пратеници, јас се залагам да се прифати овој амандман, да се подобри текстот на законот со овој амандман за да ја постигнеме заедничката цел штс мислам дека е пред сите овде присутна, да донесеме таква легислатива во РМ што ќе гарантира легалност и легитимност на идните асоцијации што ќе *се* викаат оделни комори во Република Македонија.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејки никој друг не са јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот на член 4 став 1 и 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за менување на насловот на Главата 2 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за бришење на членовите 9 и 10 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман е дирекно поврзан со амандманот за кој што претходно говорев се однесува на конкретен предлог од нас предлагачите да се бришат членовите 9 и 10. Ако се погледаат членовите 9 и 10, тоа се најспорните членови во законот, а тие се однесвуаат на давање на можноста за организирање во вид на комора на само два или повеќе субјекти, како норма да се организира комора, што е крајно нелогично и што отстапува од континаталниот тип на коморско организирање и кој што додатно, во оваа област ќе предизвика хаос.

Со оглед на тоа што предлагачот не ја согледува потребата од прифаќање на овој амандман, а ценејки дека позицијата претставувана во овој Парламент ќе се однесува на начин на кој што идо сега се однесуваше за многу суштинско прашање, многу корисно од помагање на подобрување на текстот на законот, ние како предлагачи го повлеквуаме овој амандман за да не ја дели судбинат ана претходните амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворма претрес по амандманот член 13 став 1 за бришење на ставот 2 и на став 3 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за бришење на членовите 20, 21, 23, 24 и 25 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман е во диреккна врска со член 4 и член 9 и 10 од законот, а се однесвуа на наш предлго за бришење на членовите 20, 21, 23, 24 и 25, но со оглед на тоа што во овој Парламент не се прифаќа концептот за конституирање на јавно-правен модел на коморско оргаизирање, т.е. се прифати решението на Владата за хаотично организирање на стопанските субјекти на коморите, нецелисходно е понатаму да говориме за овој амандман и го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворма претрес по амандманот на член 27 став 1, алинеи 3 и 4 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворма претрес по амандманот за додавање нов член 28-а по членот 28 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овој амандман се однесвуа на регионалните комори. Предлагаме со овој амандман да се додаде нов член, тоа е членот 28-а со кој што член предлагаме оснвоањето, работењето, финансирањето и престанокот на регионалнит екомори да се уредуваат со статут на комората од член 2 на овој закон.

Мислам дека е многу добро да се утврдат принципите на кој начин ќе се здружуваат комори на регионално ниво. Затоа реков, законот е сиромашен. Со законот не се утврдени принципите, не се утврдени критериумите и во оваа област со ваков законски текст ќе се случат во РМ и во стопанството и во организирањето на стопанскиот живот многу несакани активности.

Токму затоа мислам дека би било пожелно да се прифати овој амандман бидејки директно се однесвуа на воспоставување само една норма за организирање на регионален принцип на Стопанските комори.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за додавање нова Глава 5-а и 2 нови члена 31-а и 31-б по членот 31 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за бришење на Глава 7 поднесен од

пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Ако овој амандман не се прифати, би го замолил претставникот на Владата да каже што е судбината на оној субјект што сега се нарекува

Стопанска комор аи едноставно како да не псотоел 80 години или како да не постоел 50 години минимум, организиран по Закон, согласно позитивните прописи на оваа држава. Да ми каже како е возможно со акт на присила, со акт на државата , преку ноќ да се укине една таква институција. Ако може да ми објасни кои се причините што не се прифаќа ова. Да ми каже дали воопшто Стопанската комора на РМ, ваква каква што е сега , не е основана по закон и ако не е основан апо закон, како било возможно изминативе 50 години да работи во една хаотична состојба, како што сега се предлага дека до вчера не постоело, се ова треба да се уништи комплет.

Овој амандман го предлагаме токму поради континуитетот, без разлика а натамошниот модел на организирање. Не може едноставно да каже ова сега се уништува до крај. Затоа овој амандман треба да се прифати, бидјеки значи континуитет барем на она постојното, само да се реорганизира во друга форма и во друг облик бараме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејки никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворма претрес по амандманот за менување на член 34 поднесен од пратениците Димитар Бузлевски, Ристо Тодоров и Благој Стојквоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе,

Има збор г-дин Аљоша Беговски.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Бидејки вчера во вчерашната расправа тврдевме дека токму ова е клучниот член што ја покажува алчноста на Владата преку присила и преку своите механизми да го приграби имотот на Стопанската комор ана РМ, априори ни беше јасно дека овој наш амандман нема да се прифати. А, за колегите пратеници да појаснам, а и за пошироката јавност да е појасно, да кажам во неколку реченици, избегнувајки од ризикот да се повториме од она што вчера на широко го кажувавме, за што конкретно се работи.

Имено, во членот 34 на Предлогот на законот, стои дека Владата на РМ во рок од 30 дена по влегувањето во сила на овој закон ќе формира комисија што ќе го утврди вкупниот имот со што располага Стопанската комора на Макеоднија. Притоа комисијата ќе утврди поодделно вредности и висина на државниот имот со кој што располага Стоанската комора на Макеоднија, како и вредности и висината на останатиот имот со кој што располага Стопанската комора на Македонија. Имотот за којшто ќе се утврди дека е во сопственост на Стопанската комора на Макеоднија, ќе се пренесе на новосоздадените комори, а останатиот имот останува во сопственост на Република Македонија. Сразмерно на пренесениот имот од став 2 на овој член, новосонованата комора презема дел од вработените во Стопанската комора на Македониа.

Ние предлагаме следно, велиме Стопанската комора на РМ, во рок од 60 дена, бидјеки сметаме дека рокот од 30 дена не е адекватен и е многу краток, значи во рок од 60 дена од денот на влегување во сила на овој закон ќе ја комплетира целокупната документација за имотот на Стопанската комроа на РМ. Ова го правиме така, бидјеки мислиме дека се по компетентни внатре самите експерти во Комората да го утврдат

тоа врз основ ана своите биланси на состојба што како секое правно лице ги водат во своите книговодства.

Второ, предлагаме во ставот 2 дека имотот на Стопанската комора да се расподели на коморите основани со овој закон, сразмерно со учеството на нивните членови во создавањето на тој имот,

сметано според уплатениот придонес и другит еуплати на Комората.

Во вчерашниот настап го кажавме следното, сега вреди во контекс наовој амандман да се повтори како додатна аргументација зошто треба вака да се прифати амандманот. Во изминатите 50-60 години има стопански субјекти, без разлика во кој општествено-политички и економски систем битисувале, уплаќале врз основа на доброволна оснвоа во таа асоцијација некакви коморски придонеси.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ: (Продолжение)**

Врз основа на тие уплати и врз основа на домаќинското работење на луѓето од комората од пред 10 години до денес, тој имот перманентно е зголемуван. Тој имот апсолутно не е имот на Владата, еднаш за секогаш власта треба да сфати. Не може власта да го приграби тој имот за сопствени цели и за некој маркетинг да си прави, отпосле да го крчми и да го дели како ќе им падне.

Второ, имаме основани аргументи да се сомневаме во најдобрите намезри на владини комисии, затоа што вчера и персонално кажав како ќе изгледа комисијата ако дојде до употреба на овој член како што е предложен во текстот на законот. Значи, ќе се ставаат луѓе по партиска линија кои тој имот нема по интерес на здружување да го поделат утре, без разлика дали ќе бидат комори од по двајца и по 20, или онака како што ние предлагаме и тој имот строго ќе се дели по партиска припадност на тие асоцијации.

За ова имаме илјадници аргументи, меѓутоа да не излегувам од контекст и да не го кршам Деловникот не би сакал да набројувам многу примери на злоупотреба на ова власт во изминатите три до четири години. Затоа е добро да се даде мандат на луѓето внатре во комората да го проценат, да го оценат тој имот и после по паритетна основа врз основа на сите досегашни уплати на тие асоцијации и членки на комората тој имот да се раздели. Ние предлагаме на три дола и тоа: на членки кои ќе членуваат во асоцијацијата на трговско индустриската комора; на земјоделско - шумарската и на занаетчиската комора, или како што велеше амандманот на членот 2 дека со закон може да се основаат и други стопански комори за други дејности. Значи, тоа би било системот на не правилна распределба. Ако сакаат предлагачите може мала пауза да направиме да видиме дека во тие оцеки на билансите на вкупниот имот на комората ако се утврди дека постои државен имот, тој миноре износ во севкупниот биланс на имотот на комората нека припадне на државата. Меѓутоа, трдба да сфатат дека преку 90% е создавам имот од активностите на членките на комората. Во поткрепа на ова тврдење би го кажал и следното. Дали господата предлагачи мислат дека сегашната асоцијација на комора, овие членки што се членки на сегашната и ваква комора дека се некои виртуозни, фиктивни и фантомски фирми. Ви се молам, сегашни членки на комората се токму столбовите што ја крепат оваа држава преку стопанскиот систем. Ако вие мислите дека оние фирми што вчера ги набројувавте се некои фиктивни фирми и дека се некои непостоечки, фантом фирми во Македонија, навистина грешите. И ако мислите пак дека тие фирми не се фиктивни, туку треба да се збришат како некои чудовишта, како што вчера ги нарековте асоцирани од тоа комунистичко чудовиште наречено Стопанска комора на Македонија, повторно грешите, бидејќи господо сфатите оваа држава не може да почива на вашиот концепт на фантомски фирми од Сејшелските оствори преку Кипар и уште незнам кој крај на светот, кој никој на гелографска карта не ги знае, не ги познава.

Затоа е правилно и правично тие што асоцирале на доброволна основа и плаќале коморски придонес и го создавале тој имот и од година во година имале перманентен раст во позитивна насока, значи го зголемувале, не го крчмеле, домаќински работеле луѓето внатре во комората. Не во овој состав, ако мислите дека имам емоции према овој персонален состав во комората. Со години наназад тој е зголемуван од година во година. Најдобро и најправилно е на истите тие фирми, затоа што тоа се сепак македонски фирми, на истите тие членки да им припадне. Како да им припадне? Од вкупниот број на членки на сегашната комора има фирми кои потпаѓаат под првиот дел што сакаме да го организираме парцијално, значи фирми кои паѓаат во групацијата на трговско - индустриски компании или акционерски друштва, фирми, претпријатија, како сакате наречете ги.

Другиот дел припаѓаат на земјоделско - шумарската дејност и

Третиот дел припаѓа на занаетчиската дејност.

Ако нешто сме испуштиле, даваме можност сло закон да може да се основаат стопански комори и за другите дејности. И на тие три или четири дела

парцијално ќе се распредели имотот и тоа најправилно, како што се предлага во амандманот согласно досега нивните парцијални уплати во севкупниот систем како што сега на куп организирани. Незнам што тука ве збунува.

Впрочем, гарантирам и да дојде утре до вашиот модел што го преферирате, а не дло континенталниот, значи на два по два, повторно истие субјекти ќе асоцираат таму. И како сега место вака правилен модел на распределба на тој имот како што ние предлагаме да се дловедеме во ситуација некојас владина комисија од тројца или петтмина, или 15 членови да имаат дискреционо право да го крчми имотот што друг го создал со години наназад. Навистина не е фер, не е човечки во крајна линија.

Тука априори се оградуваме од секакви лични амбиции или лични интереси, како вчера Што бевме ловде прозивани, дека ние како пратеничка група или поединци имаме некакви лични интереси. Токму лични интереси ќе ги реализираат оние претпријатија кои го создале тој имот преку длоброволно плаќање на коморскиот придонес. Затоа барем овој амандман треба да се прифати, да не оди по вода еден труд, еден капитал што е со години создаван на овие простори.

Инаку, и со ова укажуваме дека процесот на растурање до крај продолжува и дефинитивно и на реализација на предизборните ветувања на оваа власт дека кога ќе дојдеме се ќе растуриме па одново ќе градиме. Ви се молам, вие немате право, ако имате амунизитет створено спрема некојси Никола да го убивате со вакви закони и Свети Никола.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член '34-а по членот 34 поднесен од пратениците Димитар Бузлевки, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Ристо Тодоров.

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Гледајќи го предлогот на законот, член 34 став 3 го регулира работниот однос на вработените во сегашната комора односно новонастанатите комори преземаат дел од вработените лод Стопанската комора на Македонија. Сметаме дека оваа одредба од ставлот 3 на членот 34 ништо не регулира, па затоа предлагаме амандман со кој се додава нов член 34-а кој ќе го регулира работниот однос на сите вработените во Стопанската комора.

Имено, работниот однос на вработените во стручните служби ќе се трансформи во работен однос во стручните служби во стопанските комори основани со овој закон. Потоа, со распоредувањето на вработените ќе се врши во рок од 30 дена од нивното конституирање на новите стопански комори. Зошто ова го предлагаме.

Затоа што Стопанската комора на Република Македонија е основана со закон. Функционира согласно тој закон. Функционира Закон за работни односи, затоа што вработените имаат права по тој закон. Неможе тие вработени во стручната служба нивниот статус да биде загрозен, па поради тоа го предлагаме овој нов член 34-а.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 за додавање три нови става по ставолт 1 и за менување на ставот 2, поднесен од пратениците Димитар Бузлевки, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот за менување на членот 36 поднесен од пратениците Димитар

Бузлевки, Ристо Тодоров и Благоја Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. По амандманот ќе гласаме подоцна.

Отворам претрес по амандманот на член 9, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние немаме овде сега амандмани, но неможеме натаму, бидејќи не сме гласале по амандманите.

Затоа, сега ќе прекинеме, има најавено амандмани и веќе се дадени во архива, додека да се подглотвата и за да не чекаме ќе продолжиме поточката 11.

***Минуваме на точката 11 - Предлог на закон за задруги.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот ќе го дадам на гласање кога ќе имаме доволен број пратеници.

***Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност,* со *Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот со предлоглот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по предлогот и на Собарнието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за вршење на занаетчиска дејност.

По овој предлог заклучок ќе гласаме кога ќе имаме доволен број пратеници во салата.

***Минуваме на точката 13 - Предлог за донесување на закон за производство и промет на вооружување и воена опрема, со предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за производство и промет на вооружување и воена опрема.

По овој предлог заклучок ќе гласаме кога ќе имаме доволен број пратеници во салата.

***Минуваме на точката 14 - Предлог на закон за безбедност на храната и предметите и материјалите штодоаѓаат во контакт со храната.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Никола Јованов поднесе амандман на член 6 за додавање нова точка 15 по точката 14 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот амандман на член 6 за

додавање нова точка 15 по точката 14, поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара зблор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот ќе го ставам на гласаме кога ќе имаме доволен број пратеници во салата.

***Минуваме на точката 15 - Предлог на закон за стандардизација.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 7 за менување на став 2, член 11, член 16, за менување на член 18 и за менување на член 24 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот ќе го ставам на гласање кога ќе имаме доволен број на пратеници во салата.

***Минуваме на точката 16 - Предлог на закон за акредитација.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 2 став 1 точка 5, член 7, став 6, член 8, за менување на ставовите 2 и 3 и член 17 став 4 и 5, член 19 став 1 и на член 23 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Благој Ханџиски поднесе амандман на член 14 за додавање нова точка 4-а по точката 4 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 точка 5, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 6, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на ставовите 2 и 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 4 и 5, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 за додавање нова точка 4-а по точката 3, поднесен од пратеникот Благој Ханџиски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

По амандманот ќе гласаме подоцна.

***Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за метрологија.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 14 за менување на став 2, член 29 став 3, член 36 став 1 и 3, член 37 став 1 алинеја 6, член 41 и на член 46 став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 и 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 1 алинеја 6, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 41, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 46 став 1 и 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање, т.е. ќе го ставам на гласање подоцна, бидејќи пак салата ни е полупразна.

***Минуваме на точката 18 - Предлог на закон за поштенски услуги.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Немаме претставник по овој закон. Да, ќе го прескокнеме.

Има збор заменик министерот.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Во пакетот на закони за светска трговска има овластување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема во писмото на премиерот.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Има во писмото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, за пакетот. За секој закон си има кој е овластен.

Значи, ние немаме писмо добиено од премиерот затоа дека сте вие овде овластен. Затоа ќе почекаме.

***Минуваме на точката 19 - Предлог на закон за пропишување на техничките барања на производите и оцена на сообразноста.***

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандмани на член 1, член 3, став 1, точка 1 за менување на член 9, член 10, член 15 став 2, член 16, член 18 став 1 за менување на точката б), член 18 став 2 и 3, член 19 став 3 и на член 20 став 1 точка 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 точка 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, за менување на точка б) и на член 18 став 1 за менување на точка б) и на член 18 став 2 и 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 точка 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидеджи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот ќе го ставам на гласање подоцна.

Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи за граѓаните на Република Македонија, со Предлог на закон.

Дали има претставник? (Нема).

Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон. Меѓутоа и тука немаме претставник. Ќе се осврнеме подоцна.

Минуваме на 22 точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност во сообраќајот на па-тиштата, со Предлог на закон.

Претставник од Владата немаме.

Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнуваше на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон. И овде немаме претставник од Владата.

Има збор ѓеоподинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Господине претседателе јас би ве замолил за 15 до 20 минути да ја прекинеме седницата и да обезбедиме присуство на Владата по сите закони, затоа што не е примерно на пример само пред една недела министерот за финансии да кажува овде дека ние пратениците ги мериме ходниците а со денови на седници имаме седено овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ви ја чув забелешката, маркетинг не е потребен.

Имаме претставник по некои точки затоа да искористиме, да работиме по тие.

Одиме на 24 точка.

Има збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, бидејќи по дневниот ред скокате од точка на точка точно е тоа дека работата е оневозможена од неприсуство на претставниците од Владата. За да можат пратениците од име на пратеничката група на СДСМ да ги разгледаме, да можеме да се сконцентрираме на еден закон, вие скокате пет закони, за да имаме квалитетна расправа бараме 15 минути пауза во име на пратеничката група на СДСМ.

Предлагам пауза 15 минути. И ве молам нека дојдат претставниците на Владата.

(Пауза од 13,20 до 14,30 часот).

(По паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот. Молам, кој бара збор? Се работи за 24 точка.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе ние побаравме пауза од тие причини. Ние ве сфаќаме вас и ние би инсистирале да продолжиме, бидејќи дојде претставникот да се вратиме во тој дел, бидејќи и така се припремавме, па потоа да одиме на другите.

Би ве моleле да воспоставиме некој ред, бидејќи навистина не можеме да работиме,да дадеме придонес.

Доколку можеме да се вратиме на законот за поштенски услуги, бидејќи чекаме претставник, односно се воспостави дека има такво писмо би ве замолиле во таа смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Во врска со претставниците на Влада, бидејќи цело време се вели дека овде нема претставници, на 29.05.2002 година со стигање на пакетот неопходни закони кои треба да се усогласат со правилата на Светската трговска организација, кои што се наредени на број 16, тоа писмо е одамна поделено меѓу пратениците, покрај претставниците кои што се наредени во законите, претставници се определени од страна на прет-седателот на Владата господинот Љубчо Ѓорѓиевски за сите закони, а за-меник министерот Аљоша Беговски и државниот секретар Вера Пепелничка, државен советник во Министерството за економија. Јас не ја гледам причината зошто ние прво направивме пауза, и второ, зошто од 29.05. постојано се вели дека во Собранието нема претставници. Законите се наброени и тие се цело време тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, се разбравме колку што знам, тоа и господинот Гештаковски го истакна и тој го открил писмото и моите го откриле на паузата писмото, бидејќи на законите се дадени имињата на претставниците тие се по него дадени, после е испратено писмото, важно сега го најдовме и ние можеме да работиме.

Одиме на 18 точка - Предлог на закон за поштенски услуги.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени. Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? Има збор господинот Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Пред нас имаме повеќе од сложен закон, кој ќе ја реши судбината и тоа под знак наводници на уште една компанија во Република Македонија, а тоа е Јавното претпријатие Македонски пошти. Велам под знак наводници, зашто како се решаваат судбините на компаниите добро научивме во изминатите четири години по теркот на ОКТА, Македонскиот телеком изборот на вториот мобилен оператор, судбината што денес ќе ја доживее Стопанската комора кога владеачкото мнозинство ќе направи кворум и тн. Се нуди решение, т.е. продажба на Јавното претпријатие Македонски пошти по пат како што сме навикнале на дирекна спогодба. Како и секој закон, така и овој нуди образложение, образложение кое се повикува на две работи, тоа е Уставот, кој гарантира слобода на пазарот, претприемаштвото, правото на сопственост и тн. што не е спорно, и правилата, препораките и директивите на Светскиот поштенски сојуз, Европската Унија и Светската трговска организација, можеби најчестиот збор што го слушаме последните неколку недели каде што се повикуваат претставниците на Владата и кај што треба и кај што не треба. Тоа е фиктивната основа за донесување на овој закон. Фактичката е продажбата на Јавното претпријатие Македонски пошти на конзорциумот Канадски пошти. Би сакал да потенцирам неколку работи. Донесувањето на закон за поштенски услуги е неспорна и закон за кој ние од СДСМ се залагаме и тука нема дилема.

Според нас, Македонска пошта треба да биде модерна, високо професионална, комерцијална, пазарно ориентирана компанија што на корисниците ќе им даде услуги со висок квалитет. Македонска пошта треба да биде препознатлива и почитувана компанија како водечки обезбедувач на профитабилни висококвалитетни поштенски услуги во земјата и регионот. Македонска пошта како јавен оператор за поштенски услуги постои за да ги задоволи потребите

на сите корисници, давајќи им услуги со висок квалитет. Тука нема дилема. Дилемата се појавува со информациите кои беа достапни, а и не беа достапни баш сите до медиумите, а тоа е фактот дека овој закон се носи како едно од барањата на луѓето од Канадски пошти. Владата на Република Македонија согледувајќи ги дубиозите во кои западна Јавното претпријатие Македонска пошта во периодот по 1998 година се најде во ситуација да бара помош за трансформација и ревитализација на јавното претпријатие, како би можело поштенското работење да се постави на цврсти основи, со цел тоа да се развива сообразно на тамошните напори на земјата за трансформирање во пазарно ориентирано општество.

Од овие причини, Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски стапи во контакт со Канадската интернационална пошта која е заинтересирана да учествува во трансформација и ревитализација на Јавното претпријатие Македонски пошти.

При ова треба да се напомене како и обично дека не е запазено начелото на правичност и еднаквост, т.е. не е објавен јавен повик на кој би се јавиле и други странски поштенски компании кои се заинтересирани за трансформација на Јавното претпријатие, Македонска пошта.

Треба да се напомене дека е спорен и моделот на трансформација, кој на почетокот беше со идеја за заедничко вложување, а сега со долгогодишна концеција од 20 години. Канадската интернационална пошта како компанија со високо реноме, со своите консултанти, со богато искуство во поштанското работење изработи студија Нацрт-извештај за длабинска анализа, подготвена за Македонска пошта од 11.05.2001 година, каде што наведува неколку оценки. Македонска пошта прави големи капитални трошоци, без некоја посебна стратегија. Постои видлива прекумерна вработеност, менанџерската структура е застарена, голем број од сегашните менаџери не поседуваат знаење за поштенско работеше. Раководниот дим во јавното работење во Македонска пошта, назначен од Владата на Република Македонија, како и останатите директори поставени по партиски клуч не се избрани на своите работни места според знаењето и квалификацијата, туку според блиското до постоечката Влада, притоа непочитувајќи ја постоечката организација и систематизација на Јавното претпријатие Македонска пошта. Оваа група раководни лица примаат огромни плати од буџетот на Поштата, а нивната работа не е од големо значење за подобрување на услугите и постигнува-ње профит на Македонска пошта. Поради нивното непознаваше на поштенското работење, секторите со кои тие раководат се додатно оптоварени со вишок на компетентни луѓе, кои треба да го надоместат тоа незнаење. Овој начин на работа, ќе се согласите сите е исклучиво скап.

Потоа, заклучено е дека постојат добри предуслови поштата да функционира како комерцијална и ефикасна фирма и раководните процеси не се во состојба да вршат мониторинг и контрола на приходите и трошоците.

Македонската пошта е договорено по препорака на Канадската пошта да превземе некои активности и со тоа и Владата на Република Македонија за да дојде до можност за купување на Македонската пошта од страна на канадските пошти и тоа, Владата мора да донесе нов закон за поштата кој ќе мора не само јасно да ги дефинира резервираните услуги, туку ќе треба да вклучи и одредби за продавање на самата пошта.

Второ, нова тарифна политика, т.е. покачување на цените на поштанските услуги и тоа 10 0% во внатрешниот сообраќај и 200% во меѓународниот сообраќај. Во првата година на концесијата и договорена формула за зголемување на цените во наредните години. По завршувањето на концесијата имотот, без оглед на тоа колку е амортизиран останува во сопственост на Владата на Република Македонија, т.е. Јавното претпријатие Македонска пошта, а готовината сопственост, се разбира, на Канадска пошта. Намалување на работната сила за 600 вработени, или 28%. Потоа, Република Македонија треба да исполни некои други услови, кои станаа и спорни во разговорите со Министерството за транспорт и врски од тоа дека треба да се обезбедуваат луѓето кои ќе доаѓаат од Канада тука да им се гарантира мир и пријатни услови во нашата Република, што се надевам сега нема да биде проблем, бидејќи овие преговори се водат за време на кризата во Република Македонија. Потоа, Владата треба да ги финансира целосните трошоци за сите поранешни вработени во Македонска пошта, кои ќе бидат отпуштени, вклучувајќи ги и пензиите, здравственото осигурување и другите социјални придобивки. Потоа, со новиот закон за пошта или за поштенски услуги на Канадска пошта треба да и се

обезбеди монопол во поштенскиот бизнис до 2 кгр. во наредните 20 години, што е во спротивност со антимонополските закони и препораките на Европската Унија која што во своето образложение се повикува и Владата каде тој монопол е ограничен на 350 гр., со тенденција за негово укинување до 2007 година. Во првите 10 години се бара од концесијата Канадската пошта да биде иземена од плаќање данок на добивка. Сето ова наведува дека се работи за една исклучително понижувачка понуда, заради едноставниот факт што Канадска пошта ја нуди само нивната организациона поставеност, нивниот исклучително добар компјутерски софтвер, нивниот менанџмент исклучително добар, од сето тоа го бара само нашиот профит.

Во законот се наведени во принцип сите оние работи што треба да ги содржи ваков закон. Тука реков нема ништо спорно, значи се задржувам на две работи, тоа е во членот 7 каде што имаме поднесено амандман, каде што се дава монопол на сите пратки што се до 2 кгр., практично тоа е поголемиот дел од пратките што се дистрибуираат во една земја и начинот на кој што Владата планира да продаде Македонски пошти на Канадски пошти. Во членот 68 тоа и го пишува и овој закон тоа треба да го овозможи, значи треба да овозможи легална основа за тоа, така што, во ставот 2 вели: "при извршувањето на приватизацијата Владата на Република Македонија ќе ги пренесе постојните акции или ќе издаде нови акции на инвеститорите преку примена на некои од сите овие постапки каде што прво е наведено директно преговарање со еден или повеќе меѓународни финансиски институции и нивни коинвеститори.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:** (продолжение)

Во членот 69 Владата прави обид да задржи некоја златна акција, но ние знаеме како функционира тоа. Примерот со Телеком е најдобар пример, без разлика што државата поседува 49%, на нашите 4 члена во Управниот одбор, инаку сите колеги пратеници овде, не им пречи што ни евро ни денар не добиваме од дигидендата или од ќарот што го остварува Телекомот. Сите пари одат во непознат правец, па затоа и оваа златна акција нема ништо да придонесе, бидејќи слабо се бориме во сите тие институции. Што значи овој закон или овој Предлог на закон. Треба да понуди само продавање на оние малку капацитети што останаа во Македонија, капацитети што минатиот период работеа добро, капацитети што кога во Владата беше СДС за само една хибридна пошта беше набавна опрема во вредност од 6.000.000 ДМ, во услови кога концептот или примената на Интернет технологијата беше на завидно ниво преку еден портал, порта што постоеше во рамките на Пошта каде во 1998 година, пред да дојде до смена на власта имаше 500 корисници. Денес тој систем го користат едвај стотина, итн, итн. Изгубена е брзата пошта некаде во сите овие 3,5 години, сите сервиси што треба да бидат слика на модерна, пазарна ориентирана профитабилна компанија ги нема. На тој начин се обезвреднува самата Пошта, цената паѓа. Полесно ќе се купи, но се разбира профитот или провизијата останува иста.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, претставници на Владата,

Прво и основно прашање, колегата Макрадули кажа дали има потреба од закон за поштенски услуги? Да. Во закон треба да кажеме и на претходните влади и на оваа Влада треба да се определи одредена критика бидејќи до сега не е донесен закон за пошти, за поштенски услуги. Се уште се применуваат одредбите од бившата СФРЈ, превземени со Уставните амандмани за една многу важна и битна дејност во која се засегнати сите граѓани на РМ. Недонесувањето на законската норма претставуваше одредена пречка во трансформирање или работење на досегашните пошти. Република Македонија знаеме дека во целиот период на развој, македонските пошти заедно со македонските телекомуникации и јавното претпријатие за поштенски и телекомуникациски услуги функционираше во еден долг период под една иста капа, со исти развојни можности. Во оваа прилика треба да кажеме дека поштата на РМ е заслужна за развој на телекомункациите и за развој за сето она што е придонесено во развојот на целокупниот економски живот.

Сега, пред нас имаме закон за поштенски услуги, што во основа е прифатлив закон, што нуди одредени решенија и сигурно е во склоп на стратегијата на Владата на РМ за развој на поштенскиот сообрќај. Дава можност за вклучување на македонските пошти во

Светскиот поштенски сојуз и другите нивни асоцијации.

Што е основното и битно прашање во еден закон, кога се носи за поштенските услуги и за многу важните делови за остварување на правото на граѓаните и за деловните, економските односи. Најважното прашање е прашањето на тарифната политика што и во стратегијата на Владата се вика рамномерно треба да се придонесува према можностите на граѓаните и према економската моќ на правните субјекти.

Вториот дел, она што истакнав, да се води грижа, врз основа на новите организациони, концепциски и реформски зафати за понатамошната иднина на македонските пошти и на вработените во македонски пошти.

Овој закон, во оваа прилика, барем што ги имаме сознанијата и јас лично, од средствата за информирање, ќе цитирам "Канаѓаните се согласиле со изготвениот Предлог закон за пошти во земјава што чека усвојување од Македонското Собрание... а и прашањето со утврдувањето на превработеноста е пред решение".

Кога колешката Ѓулистана Марковска укажуваше дека претставникот, заменикот министер за стопанство е претставник, во овој Парламент би сакал да укажам, г. претседателе и вам ви е јасно, претставникот на Владата не е фигура. Најмалку сакам да вршам укажување за заменикот министер за стопанство. Но, претставникот на Владата треба да биде претставник на Владата во разгледување на мислења и укажување и изградување на свеста на пратениците за недореченостите. Овој закон, покрај сето ова укажување има функција, прво не става во свршен чин, Парламентот во делот на остварување на продажба на Македонски пошти на Канадските пошти кои се дел во државна сопственост на Канадската држава. Сигурно има добри работи. Сигурно ќе овозможи да работи. Ние тој дел го немаме.

Затоа е тука потребен претставникот на Минстерството за сообраќај, министерот за сообраќај и врски. Сакам да ви укажам претседателе и вам на тој дел, дека со новиот Закон за Влада што го донесе овој Парламент, во членот 15 вели дека претседателот на Владата ја претставува Владата. Во членот 17 вели дека по овластување на претседателот на Владата, секој член на Владата може да ја претставува во Собранието во работните тела на Собранието и да го застапува ставот на Владата.

Ние работиме по стариот Деловник. Тука може и заменик. Сигурно дека со новиот Деловник тоа ќе се уреди, додека државниот секретар може во работните тела. Не го гледам тука проблемот. Проблемот го гледам што министерот за стопанство, врз основа на, имам сознанија, учествувал во изготвување. Знаете, секој учествува во својот дел. Ние имаме отворени прашања. Имаме отворени прашања што треба пред овој Парламент и пред јавноста да ги расчистиме. Иста ваква расправа се водеше и при донесување на Договорот за продажба на македонски Телекомуникации.

Претставникот на Владата, во случајот заменик министер за стопанство, пред овој Парламент нај елементарно да каже која ќе е тарифната политика на Македонски пошти или на основниот поштенски оператор со преземањето од Канадски пошти. До каде се разговорите со Канадски пошти? Пред кај се? Се чека законот? Точни се информациите. Информациите во средствата за инвормирање се од Минситерството. Иритира дека изборот министерот за сообраќај и врски.

Во овој Парламент и на граѓаните треба да им се гарантира дека ќе дојдеме во иста состојба кога министерот за сообраќај и врски, г. претседателе и вие ја водите таа седница, влезе и на овој Парламент му соопшти дека Македонски телекомуникации се продадени.

Ние имаме на увид еден договор во кој велеше дека трошоците на тарифниот систем ќе можат да посткапуваат 6% над животните трошоци во РМ. Тоа стои во тој Договор. Само за една година 140% поскапеа телекомуникациските услуги. Ако македонското просечно семејство плаќаше 400 денари 1998 година, сега плаќа 1.400 денари. Поштенските услуги, можеби и нема да влијаат толку на животниот стандард но има голем дел на граѓани кои ги користат и со ставање на модерни пошти ги користат С9 повеќе. Тоа е основното прашање, дали тоа може да го покаже министерот односно заменикот на министерот за стопанство пред овој Парламент. Би требало.

Инаку, преставник на Влада, да не кажам нешто, да е кукла во овој Парламент да прима и упива се ние што

ќе кажеме, да нема повратна информација, Не е во ред расправата. Расправата е дијалог на глуви. Накратко треба овој Парламент да биде известен до каде се разговорите со Канадски пошти во делот на Македонски пошти. Бидејќи целиот закон по својата суштина води кон остварување на таа цел, кон остварување на барањата, што е нормално, пред Светскиот поштенски сојуз. Пред овој Парламент треба да се каже Канадски пошти, по пр^говорите со македонската Влада истакнаа дека во Македонски пошти имаме превработеност. Една третина превработеност. Ќе го реши прашањето?! Како мисли да се реши прашањето со превработените. Се работи за семејства. Се работи за поштенски работници кои дале голем придонес во развојот на телекомуникациите. Јас можам да кажам одредена кривица, не се даде доволен дел во делбениот биланс и средствата што беа добиени од Македонски телекомуникации. Што ќе се случи со тие вработени? Ќе бидат технолошки вишок? Гледам, во средствата за информирање тие ќе биле ангажирани, но се уште не се знае моделот. Како ќе се спроведе тоа?

Од искустовото што го имаме од продажба на одредени компании, мислам дека не се остварува токму како не информирале министерот за сообраќај кој зборуваше за поскапување на цените на телекомуникациските услуги. Испадна сосема поинаку. Тоа не било поскапување. Тоа било ребалансирање. За меѓународниот сообраќај домашниот. Основно правило за нас пратениците и Владата е колку просечното семејство, колку чини просечната корпа за исхрана од 300 ДМ просечна плата и на услугите. Телекомуникациските услуги ги зголемија животните трошоци во РМ. Во тој дел сигурно треба како пратеници да го слушнеме тоа, а најкомпетентен за тоа е министерот за сообраќај и врски, и директорот на Македонски пошти кој во основа, во сите расправи, од претходното работење на македонскиот Парламент и директорот на Македонски пошти да дојде. Бидејќи во средствата за јавно информирање, како пратеници бидејќи немаме никаква информација, сме информирани од средствата дека доаѓа до концепциски судир меѓу Македонски пошти и Министерството за сообраќај и врски.

Бевме сведоци на доаѓањето на канаѓаните, протерувањето на канаѓаните, доаѓање на највисоко ниво делегација од Канадската држава. Тие информации мора да ги добиеме како би можеле да дадеме придонес во доизградувањето. Тоа е основниот елемент за овој многу важен и многу битен закон, што концепциски, покрај регулирањето на универзалните поштенски услуги, на основниот поштенски оператор, во голем дел е навлезен во делот на продажбата. Во голем дел врши дерегулирање на позитивните закони. Во делот на она што е регулирано со другите закони. Во делот на Законот за јавни претпријатија, во делот на Законот за трговски друштва, стариот, новиот не го видовме, регулиран е начинот на трансформација од јавно претпријатие во претпријатие во државна сопственост. Овој закон целосно ги регулира тие односи, барајќи гаранција и нудејќи му гаранција во еден закон, lex specijalis за начинот на продажбата.

Јасно е, Владата на РМ секое јавно претпријатие може да го трансформира во АД во државна сопственот. Продажбата на акциите во АД е регулирано со другите закони. Давање на концесија е регулирано со законот.

Сметам дека странските инвеститори во случајот Канадска пошта нема голема доверба во македонската Влада. Бара lex specijales, се точно да е запишано во овој закон. Тоа не е во ред. Не е во ред пред нас го усвоиле, пред овој Парламент го усвоите законот за пишти, не знаејќи ги никако условите македонската јавност, за она што го градела со свои средства за што дале свој придонес.

Во преодните и завршните одредби во законот цел дел е регулиран за продажбата. Мислам дека во тој дел, зборуваше и колегата Макрадули, во делот на начинот на јавна понуда, делот на тендерирање, делот со непосредна спогодба. И тоа да биде малку, Владата што ни го доставува овој закон, дополнително добиваме и амандмани, односно сигурно доставени од Владата а ги поднел колегата Данило Глигоровски. Велат во членот 8 ставот 7 се менува и гласи: "домашни и странски правни и физички лица можат да вршат универзална поштенска услуга во името на основниот поштенски оператор по пат на договор". Видете до каде се оди. Каде е тука таа транспарентност.

Додека членот 8, ставот 7 во основа го регулира начинот, иако и тој смета, незнам колку е во согласност со законот, вели "Основниот поштенски оператор има право во негово име да ги

обезбеди вршењето на унивезалните поштенски услуги по пат на договор со домашни и странски правни и физички лица". И ова не му е доволно. Можеби не е доволно за канаѓаните, но ние мораме да го штитиме општиот јавен интерес.

Поштата, и со развојот на телекомуникациските услуги, не го губи своето значење. Мораме да знаеме дека за некои С9ла поштарот се уште е знак на живот. Тој го носи оној дел на комуникација, носење пензии, писма и сл. Во РМ, во овој степен на економски развој ако го задржиме, покрај економскиот начин, ефикасниот начин на работење и солидарниот дел. Не може ниту едно село во РМ да остане и тра е јавен интерес и на ова Собрание и на оваа Влада.

И покрај ваквото регулирање во членот 8, пак ќе повторам, основниот поштенски сообраќај, има право во негово име да го обезбеди вршењето на универзалниот, по пат на договор, со домашен. Добра формулација, бидејќи го имаме основниот поштенски оператор во периодните одредби и понатаму останува Македонски пошти. Со тоа што се овозможува и воведување на конкуренција.

Сега, по наговор на, сигурно колегата Данило Глигоровски овој амандман, сигурно ќе биде прифатен, нема дилема дека нема да биде прифатен, тој е во договор. Уште понатаму го засилува. Домашни.странски, правни и физички лица. Значи и странски правни можат да вршат универзална поштенска услуга. Значи се деровира целокупниот дел на начелата на кои што се заснива овој закон.

Во преодните одредби вели дека и понатаму Македонски пошти остануваат основен поштенски оператор. Од друга страна, со оваа измена, кога ќе биде составен дел, да не направиме, основното ми е, точно Канадската пошта има одредени искуства, големи искуства во трансформацијата и работењето. Но, самите канаѓани велат дека Македонски пошти имаат добра оперативна структура што нуди можност да стане профитабилна, една од најразвиените поштенски претрпијатија на Балканот. Истото го кажувавме и развивавме за телекомуникациската инфраструктура. Но, на крајот, сето она што беше, падна на товар на граѓаните. Да не дозволиме со овие измени, поштенските услуги да паднат на товар на граѓаните, со недоречености.

Ќе завршам со тоа што минстерот за сообраќај и врски пред овој Парламент, со една надменост дојде и кажа дека РМ го продаде Македонски телеком. Тоа е во ред. Кажа дека за македонските граѓани нема да има поскапување на телекомуникациските услуги. Прашајте ги македонските граѓани какво мислење имаат за влегување на добар странски капитал. Кој како се употреби, мислам дека врз основа на одлуки на ова Собрание, но продажбата на Македонски телеком падна на товар на граѓаните. Граѓаните во РМ, просечното македонско семејство кое можеше да врти кај своите блиски, меѓу локални и меѓуградски телефони, сега не е во состојба да го користи телефонот. Со тоа што плус и тарифите и месечните претплати се поскапени. Не може едно семејство да ги плати телефонските услуги.

Со овој закон, со ваквиот начин, пред се немање информации за да можеме како пратеници да се произнесеме, сметам дека на добар пат, со прифаќање на амандманот на Данило Глигоровски, со нудење на неограничени можности на Канадски пошти, точно е, треба да се развиваат Македонски пошти, но не пак на товар на граѓаните, да го носат главниот товар. Реформи да, странски капитал да, но не во загрозување, тотално загрозување во овие услови многу важен, животниот стандар да граѓаните. Во овие услуги е многу важен животниот стандард. Тој е донесен до издржливата или неиздржливата граница . Бројот на сиромашните, врз основа на вакви поскапувања, се повеќе се зголемува и не може да дозволи 1/5 од плата, никаде го нема во светот, просечно семејство што нормално користи телефон да плаќа 1/5 од плата, тоа го нема

Благодарам.

**ЕТЕМИ ФАТМИР:**

Јас имам неколку збора да кажам во врска со излагањето на господинот Макрадули.

Неможам да се согласам со некои констатации што ги кажа мојот колега Макрадули дека Македонски пошти ја водат нестручни и некомпетентен луѓе и не ја почитуваат систематизацијата. Дека тие луѓе се блиску на власта.

Точно е дека во сите јавни претпријатија директорите и високите функционери на јавните претпријатија се именуваат од Владата на Република Македонија и тие се блиски до валдеачките структури, како што беше тоа и во времето на владеењето на СДСМ. Сигурно дека во времето на СДСМ генералниот директор на Телеком беше господинот Гештаковски или од Македонски пошти, од нивната

партија.Значи тука не може да се наоѓа некоја забелешка.

Дека не ја почитуваат систематизацијата, систематизацијата е работа на Управниот одбор и тој се менува според потребите на јавното претпријатие.

Дека тие се нестручни и некомпетентни неможам да се согласам бидејќи луѓето што ги водат Македонски пошти се покажаа како успешни водачи на фирмата бидејќи сите, само Македонска пошта работи рентабилно и сите вработени добиваат навреме плата. Во поштата и во нејтешките моменти во државата имаше инвестиции. Можеби и тоа е главниот фактор што Канадските пошти се заинтересирани за Македонски пошти, а тоа е заслуга на водечкиот тим на Македонските пошти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Макрадули се јави за реплика.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Кога зборував за состојбите во Јавното претпријатие Македонски пошти се повикав на Нацрт-извештајот за длабинска анализа подготвен од Македонска пошта од 11 март 2001 година. Изработен од тројца консултанти што ги ангажира компанијата Канадски пошти. Во таа студија на Канад ската пошта, што е на 28 страници пишува дека голем број од сегашните менаџери не поседуваат знаења за поштенско работење. Значи, таа оценка не е само наша, туку таа оценка се базира на нечии релевантни консултанти што ги ангажирала странскаста компанија.

Второ, разликата кога СДСМ беше на власт и кога директор на Телекомот беше претставник од СДСМ на крајот од 1998 година го остави Телекомот со профит и плус 100 милиони марки каде што цените на услугите беа за 40% поефтини од овој момент, кога мобилна телефонија имаше ретко кој, а денес се знае каква е застапеноста. Тоа е разликата во владеењето на СДСМ и на сегашната владина коалиција.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот Оломан Сулејмани).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика повторно се јави господинот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

И во времето на владеењето на оваа коалиција Македонски телекомуникации беше рентабилна над 100 милиони годишно имаше профит. Значи имаше и инвестиции во развојот на целата мобилна телефонија низ цела Република, а тоа не беше и во времето на владеењето на СДСМ. Знаеме дека мобилната телефонија функционираше само во неколку градови и мали региони Значи во времето на владеењето на оваа коалиција таа мрежа се прошири низ цела Република.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Повторно за реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Господине Етеми вие ќе ме обвинете сега, 1992 година ќе ја обвините Владата на СДСМ дека имала слаб профит и дека не постоеле мобилните телефони. Се враќате наназад за 1998 година да ми зборувате за мобилни телефони во 2002 година. Ве молам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика повторно господинот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Господине Макрадули вие сами се повикувавте на профитот од мобилни телефони кога ги немавме тие мобилни телефони, кога имаше само пејџери 1996 година.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Втора реплика на господинот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Значи, не се разбравме очигледно.

Се повикувам на профит од 100 милиони германски марки кога цените на услугите беа 40% поефтини отколку сега и кога не постоеше високо развиена мобилна мрежа не од објективни причини на тогашното раководство, туку од светските технички достигнувања во тој момент. И втора работа, јас уште еден податок наведов од технички аспект, ако сакаме да зборуваме кога 1998 година, СДСМ ја напушти власта на еден од најперспективните интернет портали на Македонската пошта имаше зака-чено и редовни 500 корисници, а сега нема едвај 100. Најдобрите инжењери од Македонска пошта ги нема, тие за жал или за среќа на некој други работат во Канадската пошта.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на госпдинот Јани Макрадули.

Пред да добиете збор, господине Фатмир Етеми, ги молам пратениците да седнат на своите места, и ве молам за тишина ако може.

Повелете и тоа е ваша последна реплика господине Етеми. Трета реплика.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Во времето на владеењето на СДСМ една централа што кошташе 60 илјади марки од страна на ПИКОН се купуваше, се продаваше фактички на 800 илјади марки. И затоа немаше развој на мобилната телефонија и фиксната телефонија. Во времето на нашето владеење низ цела Република направивме развој и на фиксната телефонија и на мобилна. Што значи плус инвестициија не само профит, туку инвестиции во оваа свера.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Фатмир Етеми.

Дали некој друг бара збор?

Сега се јавува господинот Вангел Симев.

Повелете.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Добро што и потпретседателот сега дојде. го замени претседателот - код вчера беше сведок кога бев јас прозван од господинот Миланчо Черкезов - морам да го цитирам а во мое отсуство бев прозван, наведува господинот Черкезов дека оној момент кога ќе го земам стенограмот можам да му одговорам на неговата провокација. Се работи за следното : Забележува господинот Черкезов дека јас сум бил матурант или полуматурант како што дополнува некој од колегите овде од првите редови на ДПМНЕ.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Симев, може ли една интервенција. Тоа било за вчера денеска подобро би било за законот и да створаме проблем. Повелете.

ВАНГЕЛ СИМЕВ:

Морам да му одговорам. Само накратко.

Сигурно му е криво на господинот Черкезов кога ме нарече матурант, затоа што на флаерот нема негова слика, него не има нас петте пратеници од ВМРО-Македонска.А зошто него го нема тоа е негов проблем. Тој самиот треба да се преиспита зошто го нема.

Во меѓувреме, мојот настап беше пред него, по мобилен телефон го повика г-динот Флоровски, новопечениот академик за да го заштити и да му даде поддршка. Како добар, послушан војник г-динот Черкезов се јави во име на ВМРО-ДПМНЕ за да го заштити г-динот Флоровски. Неговиот настап беше следен. Заборави дека партијата ВМРО-Македонска не е толку богата како ВМРО-ДПМНЕ и злоупотреби некои си разговори што ги имав со него. Дека 600 марки ми бараат за да оформам штаб, и тој си зеде за право да ја омаловажи партијата дека партијата немала доволно пари. Јас кажав вчера што имав.

(Реакција на пратениците од место) .

Ќе ве молам, само уште два збора да кажам.

Со ова потврди г-динот Черкезов дека му служи само на ДПМНЕ. Дека е добар послушник и голем додворувач или доушник на ДПМНЕ. Со ова тој потврдува дека неговиот брат за возврат стана главен републички инспектор во Министерството за животна средина каде што министер е господинот Џабирски од партијата на ВМРО-ВМРО. Тоа значи дека г-динот Черкезов се продал многу скапо. Затоа си зеде за право на говорница да измислува невистини и да кажува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дозволете само малку. Јас мислев дека е пријавен за дискусија, меѓутоа тој го искористи правото на реплика за вчера.

Има збор г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници,

Навистина во овој законодавен дом, највисок дом треба да се има сериозност, меѓутоа, дека г-динот Вангел Симев навистина зборува со факти, да се потсетиме дека само пред неколку месеци на г-динот Таири му кажуваше дека нема пари да ја плати струјата, а еве го почитувани колеги договорот со кој Вангел Симев, купува стан од 80м2.

(Го покажува договорот на пратениците).

Од каде му пари?

(Лист хартија г-динот Черкезов фрла кон другите пратеници).

Еве го договорот, од каде му пари.

(Општ хаос во салата)

(Лаже, Лаже, - вели Вангел Симев. )

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Вангел Симев, да се договориме.

И така седите заедно таму, договорете се.

За збор се пријави г-динот Никола Поповски.

(Господинот Вангел Симев излегува на говорница)

Не ви давам збор, одете на место.Одете на место, не ви давам збор.

(Да кажам само дека лаже).

За збор е пријавен г-динот Никола Поповски.

( И понатаму неред во салата.)

(Г-динот Поповски не може да зборува затоа што е општ неред во салата)

Господине Поповски дали ќе земете збор?

(Ништо не се слуша, општ неред.)

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не можам да зборувам во ваков хаос.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас ќе се потрудам да ви овозможам услови да дискутирате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

(И понатаму општ хаос во салата)

Ама, јас сакам да зборувам...

(Општ хаос во салата).

Јас сакам да зборувам за законот.

(Општ хаос во салата)

Не можам јас да зборувам вака.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници,

Ве молам за тишина. Збор има колегата Никола Поповски.

Ако Никола Поповски не продолжи да дискутира јас продолжувам понатаму.

Повелете Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ќе дискутирам, не е проблем, меѓутоа, нема услови за дискусија овде. Не можам да зборувам г-дине потпретседателе кога јас самиот не можам да се слушнам, а камо ли некој друг. Видете каква галама е и хаос.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници,

Ако се солидаризирате со одреднеи пратеници, барем вие што сте поискусни, ако сакате циркус да правите од Собранието тогаш јас навистина ќе ја прекинам седницата.

Го молам г-динот Никола Поповски да продолжи да дискутира. (И понатаму општ хаос и неред во салата).

Колеги пратеници,

Ве молам, збор доби колегата Никола Поповски. Дајте да му дозволиме да дискутира.

Ве молам за тишина, друга алтернатива нема.

Г-дине Поповски, повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Господине потпретседателе, јас само една минута ќе дискутирам зошто очигледно нема услови за дискусија по Законот овде.

Јас сакам да го кажам овде своето размислување по повод Законот за поштенски услуги. Мене како и на мнозинството пратеници во овој Парламент...

(И понатаму општ неред во салата)

Господине потпретседателе, јас се заблагодарувам, но се повлекувам од дискусија бидејќи нема услови за говор.

(Реакција на пратениците во салата)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

(Реакција на пратениците во салата).

(Господинот Вангел Симев повторно излегува на говорница без да добие збор и бара збор за реплика).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мене ми е криво што по се изгледа ќе морам да викнам обезбедување.

(Вангел Симев на говорница, меѓусебна реплика со г-динот Оломан Сулејмани - зошто обезбедување).

Ве молам одете на место. (Вангел Симев - две минути, само да кажам, спомнат бев.)

Не може да кажете, одете на место.

Јас ви реков дека ми е криво што по се изгледа ќе морам да викам обезбедување, ве молам одете на место.

(И понатаму господинот Вангел Симев е упорен и вели: ама невистина кажува. Лаже. Сакам да кажам дека лаже).

Продолжуваме со работа.

Молам дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, Имавте можност да видите како мафта господинот Черкезов,

предавникот број 1 од ВМРО-ВМРО затоа што се врати во прегратките поново на ДПМНЕ за да се заштити од голем број малверзации што ги има. Покажа ливче. Нека кажи, нека го донесе на говорница, да се уверите, дали 80 метра квадратни имам купено стан или 48

метра, јас кажав дека има купено али имав едnoсобен стан, е двособен како што кажува. Лажи. А не кажува за неговиот брат. Нека кажи од говорница да се види.

Благодарам за вниманието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Вангел Симев.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Данило Глигоровски, поднесе амандмани на член 1 став 2 алинеја 4, член 2 алинеја 5, потточки 1 и 2, алинеја 10, потточка 2 и 4 и на алинеја 16, член 7, став 1, алинеја 6, став 3, потточки 2 и 4 член 8 за менување на став 7, член 15 став 1 и 3,член 25 став 1, член 50 став 2, член 54 став 2 точка 1, и на член 59 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски, поднесе амандмани на член 1 став 2 алинеја 8, член 47 став 2, член 62 став 1, член 64 став 1 и на алинеите 15,16,17 и 18,член 65 став 1 и на алинеите 1,2 и 3 и за додавање нов член 72-а по членот 72, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски и Јани Макрадули, поднесоа амандмани на член 7 став 3, и на член 68 став 2, за бришење на алинеа 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 алинеја 4, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот претставникот на Владата го прифати тој е составен дел на текстот на законот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеја 5 подточка 1 и 2, алинеја 10, поточка 2 и 4 и на алинеја 16 поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на затсонот.

Процедурално за збор се јавува г-динот Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, не ми е јасно зошто го чекавме претставникот од Министерството за транспорт и врски, дали по убав глас има заменикот министер за економија за што одговара, или...

Врз основ ана кое овластување претставник по овој закон е заменикот на министерот за економија. Мислам дека се работи за еден круцијален закон. Секоја чест на заменик министерот за економија. Не би сакал да се сомневам во неговото сомневање од обласата на пошти, заради еден клучен закон каде се продава едно од последните претпријатија што вредат нешто и каде што вложувале сите граѓани да одговара.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Јани Макрадули.

Истовремено ве известувам дека со писмо од премиерот, претставник е г-динот Аљоша Беговски, заменик министер за стопанство.

Отворам претрес по амандманот на член 8, за менување на став 7, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 5 став 1 поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 2, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 54 став 2, точка 1, поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 59 поднесен од пратеникот Данило Глигоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2, алинеја 8, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 2, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 64 став 1, и на алинеите 15, 16, 17 и 18, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составек дел на Текстот на законот. Отворам претрес по амандманот на

член 65 став Д и на алинејите 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 72-а, по членот 72, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи амандманот од страна на преставникот на Владата е прифатен тој е составен дел на Текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**АЉОША БЕГОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некј друг бара збор.

Има збор г-динто Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Јас незнам како не се сетија да се договорат, сите амандмани што беа поднесени од Чедомир Краљевски и Данило Глигоровски, да ги одбијат, па повеќе пари да заработи владеачкото мнозинство, туку прави обратно, но добро јас ќе се обидам тоа да го одбранам.

Со новиот закон за поштенски услуги едно од барањата што ги има направено канадска пошта е да се обезбеди монопол во поштенскиот бизнис. Јас тоа го реков и во воведното излагање, каде што во член 7 став 3 стои дека универзалната поштенска услуга вклучува прием сортирање преноси и достав на поштенски пратки до 2 кг.

Бидејќи во своето образложение во законот Министерството, сега незнам кој го пишува, бидјеќи го брани заменик министерот за економија, а веројатно го пишувале други и незнам дали знае што напишале. Пишува дека образложението се повикува на директивите, прописите и прави лата од ЕУ, а таму експлицитно стои дека заради антимонополската позиција или антимонополските закони и препораките од ЕУ, монополот е ограничен на 350 грама, со тенденција за нивно укинување во 2007 година. Ние давајќи го тоа на канадските пошти со концесија од 20 години и една бројка од 2 кг. Што практично ќе ги опфати сите пратки или 90% од пратките што се вршат, практично само им го зголемуваме профитот, а ние ќе останеме со празни раце.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Јани Макрадули.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците, ако имаме услуги ќе можеме да гласаме ако не продолжуваме понатаму.

Процедурално за збор се јавува г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Потпретседателе јас ве поддржувам за тоа што го инициравте. Мислам дека поминавме околу 5-6 закони, околу 20-30 амандмани, и ако не успееме сега да гласаме иако продолжиме со работа без гласање, ќе се изгубиме и нема да знаеме за што гласаме.

Јас мислам ние сега да ги повикаме сите пратеници, да ги изгласаме овие закони и амандмани што ги поминавме до сега и кога ќе почнеме да работиме со нови точки да знаеме каде сме. Вака навистина ќе се изгубиме.

Ве молам, да инсистираме да одиме на гласање, а ние како

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Координатори да ги повикаме пратениците.

Му благодарам на г-динот Замир Дика. Ќе видиме сега службите веќе ги бројат пратениците, па ќе видиме дали имаме услови за гласање.

Ги молам пратениците нека влезат во салата ако се обезбедат услови ќе продолжиме со гласање. Ако не продолжуваме со истиот тек на работа.

Ги молам службите уште еднаш да ги пребројат пратнеиците.

Бидјеќи немаме доволен број на пратеници продолжуваме со истиот тек на работа.

Дали некојд руг бара збор?

Има збор г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе, во име на пратеничката група јас сега ќе побарам пауза од половина час да оставиме време за гласање затоа што нема да бидеме сконцентрирани да продолжиме. Навистина поминаа многу закони, многу амандмани и не ќе знаеме за што гласаме.

Ве молам, половина час пауза барам во име на пратеничката група.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Половина час пауза во име на Пратеничката група на ДПА.

По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот.

Продолжуваме со работа.

Присутни во салата се 65 пратеници.

Дали некој друг бара збор, во врска со амандманот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласаме по амандманот на член 7 став 3 поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Јани Макрадули.

Вкупно гласале 66 пратеници, 9 пратеници гласале за, 7 воздржани и 50 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не го усови амандманот на член 7, став 3, поднесен од пратениците Александар Гештаковски и Јани Макрадули.

Процедурално за збор се јавува г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе, согласно деловникот барам да се констатира, врз основа на 66 гласања, колку присутни пратеници во овој момент има во салата, минус овој пратеник што сега влегува.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колегата Никола Поповски побара да се утврди точниот број на присутни пратеници. Ние предмалку преку службите констатиравме дека имаме 66 пратеници во салата.

Ги молам службите повторно да ги пребројат пратениците во салата.

Присутни во салата се 65 пратеници.

Процедурално за збор се јавува г-динот Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сакам да кажам дека во ова Собрание во последно време, да не кажам во последната година се воведе една многу чудна пракса.Во моментот кога треба да се гласа по битни закони одредени пратеници на сигнал даден, претпоставувам од лидерите на СДСМ, од внатре, најчесто ги напуштаат сопствените клупи. Ако не се присутни при гласањето, сметам, господине потпретседателе, дека за тој ден не треба да имаат ни дневници, затоа што многу често може да се видат во собраниската благајна.Ако е веќе така пред да гласаме од собраниските клупи ги снема Илија Георгиев, Магдалена Антовска, Илија Илоски и Ванчо Чифлиганец, а истите тие цело време ни држат лекции како треба да работи ова Собрание, како треба да се однесува Собранието и на крај како они ќе владеат во иднина, доколку дојдат во ситуација на мнозинска партија во македонското собрание. Значи, г-дине потпретседателе, ве молам, додека сте вие овде да ја прекинете оваа пракса. Тоа не е добро, пред се од колегијални причини, а и јас претходно барав збор а вие цело време се оглушувате. Значи сето она што вчера го говорев денес исто така се повторува, Флоровски или било кој друг, кога ќе побара збор од пратнеичката група на ВМРО-ДПМНЕ, ни велите, причекајте, претходно некој друг барал збор. Значи мојата процедурална забелешка не само да држи туку и во пракса сакам да презентирам уште еднаш дека не е добро да си играат со нас пратнеиците од СДСМ, како мачка со глушец. Затоа ве молам преземете мерки во правец на расчистување на таквите состојби.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За реплика или за дискусија се јавува г-динот Никола Поповски,

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Процедурално како координатор на пратеничкат група која господинот Флоровски ја обвинува сега, би сакал да го констатирам господине потпретседателе следново.

Прво, за претходниот амандман имаше 66 пратеници кои гласале, а во салата беа 64, затоа што еден дополнително влезе при броењето. Што

значи дека очигледно е, продолжува практиката за гласање со туѓи картици на што немам коментар, освен коментар дека не само што пратениците на ДПА и ВМРО-ДПМНЕ заработуваат по 100 денари за секое притискање на копчето овде, а кога зборуваат за другите, туку заработуваат и оние кои не се во салата, а друг за нив притиска копче, а со тие гласови носиме и закони.

Второ, по повод обвинувањата кои ги слушнавме би сакал да го изјавам следново. Подобро на знак на раководството на СДСМ пратеници од оваа пратеничка група да излегуваат од салата со цел да не овозможат да се донесе закон со кој Владата и мнозинството во Парламентот и понатаму сакаат да го распродаваат македонскиот имот, овој пат Македонската пошта да ја продадат одколку на знак на координаторот на ДПА, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ да бидат собирани од ходници за да ја овозможат продажбата на ова претпријатие.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе предлагам уште веднаш да се направи листинг на претходното гласање и да се обзнани од говорницата кој од ВМРО-ДПМНЕ, а кој од СДСМ гласале, а не се присутни. Полно картички гледам се наредени тука, а сигурен сум, убеден сум дека имаат гласано за некои отсутни од нивните пратенички групи.

Најверојатно такви има и кај нас, не знам не сум сигурен, меѓутоа нека се обзнани тоа за да не постои сомнеж. Зошто? Кому му треба тој сомнеж. Зошто да не ги кажеме отворено кои се тие кои гласаат и за кого се гласа, а е отсутен. Зошто да си играме како што рече господинот Флоровски мачка и глушец. Па прочитајте, јавно нека се обзнани и нема што тука да се крие.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници, ако сакате да работиме би ве замолил и реплика ако имаме треба да се слушаме. Јас не можам да ја водам седницата кога сите викате од таму. Не можете ниту вие да слушате што ви реплицира вашиот колега. Со викање, мислам дека тоа не ни личи на нас. Затоа господнот Замир Дика побара реплика. Еве, ќе продолжиме на тој начин.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам господине потпретседателе, имате право, со викање нормално дека самите себе си не се слушаме. Не знам што му е на господинот Поповски, јас дента кога му реплицирав, кога реков дека сте против албански настроен, ми беше многу тешко да го кажам ова. Но, пак и во овој случај, пак албанците му се криви на господинот Никола Поповски.

И баш го конфирмираше она моето. Затоа ве молам барем апарентно овде во Собранието немојте да ги искажувате тие чувства, туку оставете таму во вашите партиски штабови каде што кој знае колку скици против албанците сте направиле, направете ги таму внатре, немојте овде уште еднаш да искажувате дека за се кривци се албанците.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално, или реплика има господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпетседателе, во овој Парламент господинот Замир Дика продолжува со константна манипулација и константна увреда на пратеничката група на СДСМ со измислување на дисквалификациски конструкции дека ние сме антиалбански расположени и дека правиме планови против албанците итн.

Со оглед дека се работи за сериозни обвинувања преку кио ние не можеме да преминеме, во име на пратеничката група на СДСМ барам пауза од еден и пол час за да го разгледаме ова обвинување.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Со оглед дека пратеничката група на СДСМ побара пауза од еден и пол час, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 16,45 минути).